Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 97/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Ина Џугуманова и Маргарита Арсова ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека жалбата на Ина Џугуманова и Маргарита Арсова за текстот со наслов „Четири години без Билјана Беличанец, остана неодговорено прашањето – Зошто?“ објавен во порталот на неделникот Фокус е неоснована.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 07 април 2023 година, Ина Џугуманова и Маргарита Арсова поднесоа жалба за текстот со наслов „Четири години без Билјана Беличанец, остана неодговорено прашањето – Зошто?“, објавен на 6 април 2023 година на порталот на неделникот Фокус.

Жалителката Ина Џугуманова не наведува кои членови од Кодексот на новинарите се прекршени, но се жали на неетичко известување во информирањето за починатото лице. Во жалбата се цитира дел од текстот: „На денешен ден пред четири години, во доцните часови низ јавноста проструи веста дека починала актерката Билјана Беличанец. На само 45 години, жената која одигра безброј маестрални улоги, која за своите пријатели и колеги беше цврста како камен, а истовремено и нежна и кршлива како стакло, си го одзеде животот со бесење. Веста за смртта тогаш ја потврдија и од МВР, со соопштение дека телото на актерката го пронашол нејзиниот сопруг, режисерот Сашо Миленковски, во бањата во неговиот стан во Скопје." Жалителката Маргарита Арсова се жали на дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и нарушување на приватноста

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата стапи во контакт со интернет – порталот „Фокус.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот на Фокус испратен на 24 април 2023 година се вели дека жалбата ја отфрлаат во целост, нагласувајќи притоа дека им се познати стандардните морални норми и правила при известувањето за самоубиства, но кога станува збор за познати личности и носители на јавни функции (во случајов поранешна градоначалничка на Општина Кисела Вода), постои јавен интерес да се извести за околностите под кои настанала смртта.

Оправдувајќи ја својата одлука, редакцијата на Фокус истакнува и дека и многу други медиуми во земјава ја пренеле веста за смртта на актерката, заедно со официјалното соопштение на МВР. На секоја годишнина од смртта на актерката, во речиси сите објавени новинарски текстови, повторно се информира и за околностите под кои настанала нејзината прерана смрт. Исто така, Фокус во одговорот потсетува на низа известувања за самоубиства на познати личности од регионот и од светот, во кои се пренесуваат и најмали детали за трагичните настани.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителките и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека е точен наводот на жалителката дека во текстот сосема непотребно се нагласуваат детали за начинот на кој е извршено самоубиството пред четири години, но бидејќи станува збор за јавна личност, како и тоа дека за истите детали веќе многу пати беше известувано во јавноста, нема основа да се утврди прекршување на Кодексот.

Сепак, Комисијата апелира до медиумите да бидат исклучително внимателни кога станува збор за вакви сензитивни теми, односно при известувањето за самоубиства, дури и кога се работи за јавни личности, да избегнуваат да изнесуваат премногу детали за околностите под кои тоа се случило.

Точка 7.4 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

> При известувањето за самоубиства онлајн медиумите ќе пристапуваат мошне внимателно, проценувајќи дали информирањето за настанот е од јавен интерес и избегнувајќи да објавуваат имиња, фотографии и детални описи на околностите под кои се случил настанот. Медиумите треба да имаат предвид дека ранливите групи граѓани може да бидат под силно влијание на медиумските извештаи за самоубиства, и како последица на тоа да посегнат по својот живот, повторувајќи го истото дело, а особено доколку медиумот детално, сензационалистички и експлицитно го опишува делото.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595